**Република Македонија**
**Проект за управување со здравствениот сектор**

**Заем на ИБОР # 4733**

# МОДЕРНИЗИРАЊЕ НА ПРОЦЕСИТЕ ЗА ЛИЦЕНЦИРАЊЕ ЗА ЛЕКАРИ, СТОМАТОЛОЗИ И ФАРМАЦЕВТИ

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ЧЕТВРТАТА ПОСЕТА 22 – 28 септември 2006 година**

**Џуди Мекким**

**Септември 2006 година**

Содржина Страна

Признанија…………………………………......………………………… 3

Вовед ………………..……………………...…………….……………… 3

Резиме за посетата и активности ………………………………………….. 3

Евалуација на програмата за ОО ………………………………….. 3

Состанок со претставници на стоматологијата
28 септември 2006 .................................................................... 4

Состанок на РГ 28 септември 2006 година ……………………… 5

Содржина на предложениот сертификат .....................……… 6

Резултати од деталната евалуација на програмата за ОО..…………… 8

**Анекс**

Анекс 1 Ажуриран работен план и клучни меѓници……………….. 15

# Признанија
Консултантите би сакале да се заблагодарат на Др. Катерина Веновска, Светската Банка, претседателите и другите претставници од лекарската, стоматолошката и фармацевтската комора и на професионалните здруженија; Деканите и другите претставници од медицинскиот, стоматолошкиот и фармацевтскиот факултет; персоналот при Министерството за здравство и ЕКП, сите членови на работните група за Подобрување на квалитетот на здравствените услуги и лиценцирање, на сите учесници во програмата за обука, како и на преведувачите.

# Вовед
Во овој извештај се резимирани исходите од четвртата мисија во Република Македонија од страна на Џуди Мекким и нејзиниот асистент, Анита Андервуд (консултантите од ОК), од 22 – 28 септември 2006 година. Оваа посета беше трета од низа на посети планирани да се спроведат за период од 12 месеци од февруари 2006 година до февруари 2007 година.

Целта на оваа посета беше да се работи со Др. Катерина Веновска (ЕКП) и работната група (РГ) во која се застапени трите медицински комори (Лекари, Стоматолози и Фармацевти) со цел да се спроведе Модул 2 од планираната програма за обучување на обучувачите (ОО) за едукатори, испитувачи и ментори. Консултантите исто така одржаа состанок со Работната група на 28 септември 2006 година за да ги планираат следните чекори во проектот.

# Резиме од посетата и активности

Посетата се фокусираше на спроведување на вториот модул од програмата за обука за ментори, едукатори и испитувачи и собирање на дополнителни информации за потребите за обука за оние кои го поддржуваат стажирањето, испитувањата за лиценцирање, КПР и процесите на акредитација поврзани со лекарите, стоматолозите и фармацевтите во Македонија.

***Евалуација на програмата за ОО***
Програмата за обука имаше добро присуство (ЕКП ја има листата на 76-те учесници) и многу добро евалуирана, видете подолу за резултатите од евалуацијата на секоја од програмите.
Најголем дел од учесниците искажаа дека курсот ги задоволил нивните потреби за учење и дека нивното знаење и доверба во однос на програмата за ОО се зголемиле како резултат на учеството во курсот.

Конкретните аспекти на курсот за кои учесниците се изјаснија дека биле добри се:
- Учење базирано на проблеми
- Комуникациони вештини
- Професионални разговори
- Евалуација и осигурување на квалитетот
- Принципи и методи за оценка
- Работа/предавање во мали групи
- Организација и управување со времето во рамките на курсот
- Професионален развој на обучувачите

- Пристапот и методите за учење и настава, употребени од страна на едукаторите во рамките на курсот (на пример техниката со сад)
- Учење на нови методи на учење и настава
- Давање и добивање на повратни информации преку презентации поврзани со микро - настава
- Вмрежувањето, интерактивноста и можноста да се разговара и работи со други наставници

Главната област за подобрување, подвлечена од страна на многу учесници, беше дека е потребно повеќе време за програмата за ОО за да се покријат и практикуваат сите идентификувани теми, да се вежбаат новите техники на учење/настава и да подолго да се работи во мали групи.

Беа идентификувани низа теми од страна на учесниците, за кои има потреба да бидат опфатени во иднина, вклучувајќи: рефлективна практика; справување со тешки и различни слушатели; комуникациски вештини; вештини за вежбање на настава; примена на теоријата во пракса и понатамошно учење нови методи за настава и оценување.

***Состанок со претставници на стоматологијата 28 септември 2006 година***

На шестиот ден од посетата беше одржан состанок со претставници на Стоматолошката Комора, Стоматолошкиот Факултет и Здружението на Стоматолози.

Присутни беа:

| | |
|---|---|
| Професор Миле Царчев | претставник на Стоматолошкиот Факултет |
| Д-р Петар Чакар | претставник на Стоматолошката Комора |
| Д-р Игор Кировски | претставник на Здружението на Стоматолози |
| Д-р Ангелина Блажевска | Асистент координатор, Министерство за здравство ЕКП |
| Д-р Катерина Веновска | Асистент координатор, Министерство за здравство ЕКП |

Целта на состанокот беше да се состанеме со претставниците на организацијата одговорна за обуката на стоматолозите, да ги запознаеме со програмата за ОО и да се договориме како да се вклучат повеќе стоматолози во програмата за ОО.

Катерина Веновска објасни дека програмата за обука се одвива многу добро и дека е договорено втора група едукатори, ментори и испитувачи да бидат обучени во декември 2006 година и во февруари 2007 година. На програмата за ОО учествуваа помалку стоматолози отколку што се очекуваше. Причините за тоа се нејасни, изгледа дека постојат некои комуникациски или административни тешкотии и многу стоматолози не биле целосно информирани за постапката и поради тоа не биле поканети на обуката.

Беше договорено да се обезбедат дополнителни пет или шест места за стоматолози надвор од бројката која веќе им е доделена на стоматолозите во

програмата за обука на едукатори, ментори и испитувачи за да може да се компензира малиот број во првата група.

Консултантите од Велика Британија ќе ги набљудуваат испитите за фармацевти во декември и ќе дадат некои мислења, а исто така се спремни да ги набљудуваат и испитите на стоматолозите ако се спроведуваат во февруари. Нема да се даваат мислења за содржината, бидејќи таа е надлежност на соодветните професии во Македонија, туку за образовниот пристап на оценувањето и ќе се дадат препораки за подобрување на оценувањето.

Одредени дискусии беа одржани за релативните улоги и одговорности на трите организации вклучени во пост - дипломската (КМЕ) обука на стоматолозите. Иако правилниците доделуваат одговорности и ги дефинираат улогите и процесите за секоја од трите професии, сепак има уште некои административни и организациони прашања кои треба да бидат разрешени околу тоа која организација е одговорна за одредени активности. Катерина Веновска потврди дека, за целите на овој проект, програмата за ОО беше координирана и акредитирана од соодветните комори.

***Состанок на работна група 28 септември 2006 година***
На шестиот ден од посетата беше одржан состанок со Работната група за Подобрување на квалитетот на здравствените услуги и лиценцирање.
Присутни беа:

| | |
|---|---|
| Д-р Климе Кајмакоски | Стоматолошка комора на Република Македонија |
| Д-р Иванка Стефановска | Лекарска комора на Република Македонија и Медицински факултет |
| Проф. Д-р Лидија Този - Петрушевска | Претседател на фармацевтската комора |
| Спец. Д-р Зоран Стојановски | Здравствен дом, Скопје |
| Др. Катерина Веновска | Асистент координатор, Министерство за здравство ЕКП |

Целта на овој состанок беше да се усогласат активностите кои треба да се спроведат во текот на посетата во декември, да се усогласи извештајот од третата посета и да се дискутираат можностите за наредните чекори во проектот.

Работите за кои се дискутираше вклучуваа:

- **Извештај од последната посета** – беше одобрен од Работната група
- **Тековни работилници –** Катерина Веновска извести дека е многу задоволна со работилниците и дека сите активности биле прифатени од сите комори. Активностите биле многу транспарентни и отворени, сеуште има некои прашања кои треба да се разрешат, најмногу во стоматолошката професија. Модулот 2 доби многу позитивни оценки. Имаше неколку отсутни, најмногу од стоматолошката професија и Катерина Веновска извести дека тие прашања биле разгледани со претставниците од стоматолошките организации. ЕКП ги има деталите за присутните и отсутните. Сите учесници завршија три од четирите оценки и сега ќе треба да поднесат труд од една до две страници. Трудовите ќе ги прочита Џуди Мекким (откако ќе се преведат) и ќе ги врати со кратки коментари. Ќе биде

развиена кратка шема за оценување. Се планира првата група да ги оценува задачите на втората група.

- **Обуката во декември** ќе вклучи предавање на Модулот 1 од обуката за следната група едукатори, испитувачи и ментори. Материјалите ќе бидат разгледувани во светлото на искуствата од предавањето на модулите 1 и 2 на првата група обучувачи. Сите учесници кои задоволително ги поминале модулот 1 и 2 беа поканети да им асистираат на Џуди Мекким и Анита Адервуд во предавањето на програмата за ОО на следната група испитувачи, едукатори и ментори во декември и февруари. По петнаесет учесници од секоја од трите групи ќе учествуваат по половина ден во декември, останатите петнаесет во февруари. Некои учесници ги искажаа своите претпочитани датуми, но и покрај тоа, Работната група ќе ги распореди луѓето на полудневните сесии во групи со мешани професии.
- Беше договорено дека нудењето дополнителни места за стоматолозите кои не присуствуваа во првата група ќе помогне да се вклучат стоматолозите кои можеби не слушнале за програмата за ОО. Во втората група ќе наведеме дека ова е единствената можност за присуствување и дека присуството е дел од акредитацијата. Нема да има повторна обука за модулот 2 во февруари.
- **Материјалите за обука** изготвени за модулите 1 и 2 ќе се користат за следната група во декември и февруари. Распоредите ќе бидат ревидирани.
- **Барањата за обновување** од Лекарската комора беа споменати и консултантите од Велика Британија побараа примерок на англиски.

Беше договорено дека првиот модул во декември 2006 година ќе биде спроведен во Скопје (истото одлично место ќе биде обезбедено од Катерина Веновска) на следниов начин:

| | |
|---|---|
| [Недела 3 декември | консултантите од ОК ќе допатуваат до Скопје] |
| Понеделник 4 декември | едукатори – модул 1: сесии 1 и 2 |
| Вторник 5 декември | едукатори модул 1, сесија 3 и испитувачи, модул 1, сесија 1 |
| Среда 6 декември | испитувачи, модул 1, сесии 2 и 3 |
| Четврток 7 декември | ментори – модул 1: сесии 1 и 2 |
| Петок 8 декември | ментори, модул 1, сесија 3 |
| | консултантите од ОК ќе отпатуваат назад во ОК] |

Планиран е состанок на работната група за петок 8 декември, веднаш по завршувањето на обуката на менторите. Беше договорено да се изготват сертификати за сите успешни акредитирани учесници од првата група, со церемонија на предавање на сертификатите која ќе се одржи во неделата по 4 декември (првично е договорено да биде во петок на 8 декември во 13.30 часот) во Клубот на пратеници.

Беше договорено, за време на посетата, консултантите да ги набљудуваат клиничките и практичните испити за фармацевтите (не писмените испити). Фармацевтската комора ќе организира испитите да се одржат во исто време со програмата за ОО. Набљудувањата на испитите за стоматолозите се планираат за февруари.

***Предложена содржина на сертификатот***

*Програма за обука на обучувачи за едукатори, испитувачи и ментори за поддршка на модернизирањето на постапките за лиценцирање на лекарите, стоматолозите и фармацевтите во Македонија*

Акредитирана во име на трите комори

Со ова се потврдува дека:

ИМЕ И ИНСТИТУЦИЈА

Задоволително ја заврши обуката за ВНЕСЕТЕ ЈА УЛОГАТА (НА ПРИМЕР ИСПИТУВАЧ, ЕДУКАТОР, МЕНТОР) во рамките на програмата за обука на обучувачи одржана во јуни и септември 2006 година низ присуство и оценка.

Беа опфатени следните теми:

- Принципи на предавање, учење и оценување
- Теорија за учење на возрасни
- Предавање на мали и големи групи
- Комуникациони вештини
- Давање и примање повратни информации
- Планирање на личниот развој
- Планирање и дизајнирање на курс
- Планирање на лекции
- Учење базирано на проблеми
- Оценување на учењето и предавањето

Да се стават и потписите на Министерот, претседателот на соодветната комора и на Џуди Мекким и датум.

Исто така би можело да се каже и дека именуваното лице задоволително ја завршило (целосната) програма за ОО акредитирана од трите комори. Останатото како и погорното,

# Детални резултати од евалуацијата на програмата за ОО

**Број на пополнети обрасци за евалуација:**

**Опфатна програма 10**
**Едукатори 32**
**Испитувачи 21**
**Ментори 23**

**Општи информации**

Ние прашавме:

Општо земено, **курсот** беше интересен/корисен во смисла на:

- Содржина
- Организација
- Презентација и достапни информации

Одговорите се резимирани во подолните табели:

**Опфатна програма**

| | Силно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Силно не се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| Содржина | 3 | 7 | | |
| Организација | 3 | 6 | 1 | |
| Презентација/достапност | 4 | 6 | | |

**Едукатори:**

| | Силно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Силно не се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| Содржина | 22 | 10 | | |
| Организација | 25 | 17 | | |
| Презентација/достапност | 24 | 8 | | |

**Испитувачи:**

| | Силно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Силно не се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| Содржина | 9 | 12 | | |
| Организација | 9 | 12 | | |
| Презентација/достапност | 10 | 11 | | |

**Ментори:**

| | Силно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Силно не се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| Содржина | 12 | 10 | 1 | |
| Организација | 12 | 11 | 1 | |
| Презентација/достапност | 12 | 10 | 1 | |

Ние прашавме:

Општо земено, сесиите за **настава во мали групи** беа:

- Добро организирани
- Корисни
- Со адекватна содржина
- Добро искуство за учење
- Добра можност за разговор со обучувачите

Одговорите се резимирани во подолните табели:

**Опфатна програма**

| | Силно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Силно не се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| Добро организирани | 4 | 6 | | |
| Корисни | 4 | 5 | | |
| Со адекватна содржина | 4 | 6 | | |
| Добро искуство за учење | 5 | 5 | | |
| Добра можност за разговор со обучувачите | 6 | 4 | | |

**Едукатори:**

| | Силно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Силно не се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| Добро организирани | 22 | 10 | | |
| Корисни | 23 | 7 | 1 | |
| Со адекватна содржина | 23 | 9 | | |
| Добро искуство за учење | 23 | 8 | 1 | |
| Добра можност за разговор со обучувачите | 16 | 15 | 1 | |

**Испитувачи:**

| | Силно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Силно не се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| Добро организирани | 9 | 12 | | |
| Корисни | 9 | 12 | | |
| Со адекватна содржина | 5 | 15 | | |
| Добро искуство за учење | 9 | 12 | | |
| Добра можност за разговор со обучувачите | 10 | 11 | | |

**Ментори:**

| | Силно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Силно не се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| Добро организирани | 12 | 11 | | |
| Корисни | 13 | 10 | | |
| Со адекватна содржина | 9 | 13 | 1 | |
| Добро искуство за учење | 15 | 7 | 1 | |
| Добра можност за разговор со обучувачите | 15 | 6 | 2 | |

На крајот, прашавме дали материјалите со презентациите за овој курс беа одлични, дали нивото на курсот беше соодветно, и дали, со посета на овој курс, се подигна нивото на доверба во програмата за ОО.

**Опфатна програма**

| | Силно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Силно не се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| Материјалите за курсот беа одлични | 3 | 7 | | |
| Моето знаење и доверба за програмата за ОО се зголеми како резултат на посета на овој курс | 1 | 8 | | |

**Едукатори:**

| | Силно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Силно не се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| Материјалите за курсот беа одлични | 16 | 14 | 2 | |
| Моето знаење и доверба за програмата за ОО се зголеми како резултат на посета на овој курс | 13 | 17 | 1 | |

**Испитувачи:**

| | Силно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Силно не се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| Материјалите за курсот беа одлични | 10 | 11 | | |
| Моето знаење и доверба за програмата за ОО се зголеми како резултат на посета на овој курс | 9 | 12 | | |

**Ментори:**

| | Силно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Силно не се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| Материјалите за курсот беа одлични | 7 | 14 | 1 | |
| Моето знаење и доверба за програмата за ОО се зголеми како резултат на посета на овој курс | 9 | 13 | 1 | |

**Прашавме: Дали се чувствувате дека овој курс ги задоволи вашите потреби за учење?**
**Опфатна програма:** Да (9), Не (0), Не пополнето (1)
**Едукатори**: Да (20), Не (0), Делумно (10), Не пополнето (2)
**Испитувачи:** Да (14), Не (2), Не пополнето (5)
**Ментори:** Да (16), Не (1), Не пополнето (6)

**Прашавме: Кои ТРИ аспекти на овој курс беа особено добри?**
**Опфатна програма**
- Презентирање случај (3)
- Методи на учење (2)
- Комуникациски вештини (2)
- Можност за разговор со наставниците (2)
- Примена
- Нови идеи
- Учење
- Теорија на учење на возрасни
- Теорија за самостојно учење
- Рефлективна практика

**Едукатори:**
- УБП (18)
- Професионални разговори (11)
- Оценување, проценка и ПО (10)
- Предавање на мали групи (8)
- Методи и техники, вклучувајќи топка за златна рипка (6)
- Содржина, важност на предавањата (6)
- Вмрежување, размена на идеи, подобрување на знаењето и искуствата (5)
- Комуникациски вештини (4)
- Разбирање и идентификација на потребите за учење (3)
- Сопствен професионален развој (3)
- Вештини на презентирање (2)
- Управување со времето (2)
- Развој на наставни програми (2)
- Материјали (2)
- Зајакнување на модулот 1
- Интерактивност
- Креативност
- Отворена дискусија
- Спонтаност и конкретен квалитет на учењето

**Испитувачи**:

- Методи, техники и принципи на оценување (9)
- Комуникациски вештини (5)
- Вмрежување, размена на идеи (3)
- Професионален разговор (3)
- Организација (3)
- Процес на предавање (3)
- Сопствен професионален развој (2)
- Давање и примање повратни информации (2)
- Земање улоги (2)
- Содржина (2)
- Интерактивност (2)
- Презентација
- Работа во мали групи
- Управување со времето
- Изготвување писмен испит
- Професионални компетенции
- Прикази на случаи

**Ментори:**

- Комуникациски вештини (14)
- Работа во групи, дискусии (8)
- Содржина (7)
- Презентации (6)
- Давање и примање повратни информации (4)
- Вмрежување (3)
- Проценка (3)
- Управување со времето (3)
- Практични вежби, микроучење (3)
- УБП (2)
- Применливи материјали (2)
- Атмосфера, динамика (2)
- Сопствено учење (2)
- Интерактивни вежби (2)
- Работа во мали групи
- Методи на учење
- Вештини на предавање
- Методи за евалуација
- Одлични материјали
- Високо ниво на наставниците
- Дадктички пристап!!!!!

**Прашавме: Што, ако има, треба најмногу да се подобри во однос на овој курс?**
**Програма за оние кои не присуствуваље**

- Недоволно време за содржината
- Достапност на материјалите пред курсот

**Едукатори:**

- Повеќе време (5)
- Повеќе пракса (2)
- Повеќе за критериумите за оценување, поврзани со практичната примена (2)
- Потреба да се биде помалку апстрактен во методите на предавање
- Повеќе работа во мали групи

- Соодветна локација (недела РЗЗЗ)
- Достапност на материјали пред курсот
- Евалуација на учесниците пред курсот
- Директни врски со нашите идни улоги
- Идентификување на потребите за учење, ја олеснува рефлексијата
- Практични методи и техники
- Практични аспекти на евалуацијата
- Микроучење
- Студиски престои во странство

**Испитувачи:**

- Повеќе специфични методи за оценување (3)
- Повеќе пократки паузи
- Работа во групи од една професија за евалуација на методите за оценување во светло на новото учење
- Постепено воведување нови концепти
- Однапред потребни материјали
- Премногу натрупана содржина
- Курсот треба да биде подолг
- Повеќе можности за пракса

**Ментори:**

- Потребни се повеќе специфични вежби, справување со тешкотии
- Отсуство на примена во секојдневната работа
- Вештини на консултирање
- Нумерирање на страниците во материјалите

**Ние прашавме, дали имате други општи коментари?**
**Опфатна програма**

- Многу задоволни со методата и имплементацијата

**Едукатори:**

- Добри едукатори, добро избрани (2)
- Ми се допаднаа програмата и материјалите (2)
- Добро презентирано
- Ми се допадна интерактивноста
- Различни нивоа на искуство на делегатите, не толку корисна за поискусните едукатори
- Помогна за градење доверба
- Корисна е работата со поединечни студенти
- Потребна е повеќе практична работа
- Повеќе работа на комуникациските вештини и самооценувањето
- Повеќе од курсевите треба да се организираат во иднина
- Браво и ви благодарам
- Потребно е повеќе интерактивно учење
- Би сакал повеќе методи и модели

**Испитувачи:**

- Повеќе практична обука за испитувачите (2)
- Повеќе за повратните информации
- Курсот е забавен, но е прекраток
- Многу корисно
- Одлично

**Прашавме, дали има некои теми кои би сакале да ги опфатиме во иднина?**
**Опфатна програма**

- Повеќе идеи за охрабрување на рефлективната пракса
- Лични примери на стилови на учење

**Едукатори:**

- Осигурување на квалитетот (3)
- Управување со групи со различни големини и состав, како да се справува со оние кои создаваат неволји (2)
- Методи и примери за оценување (2)
- Да се создаде алгоритам за проценка и евалуација
- Повеќе модели
- Резултати од курсевите
- Комуникациски вештини
- Евалуација
- Самооценување
- Учење еден на еден

**Испитувачи:**

- Искуства од успешни образовни програми
- Употреба на ИЦТ во оценувањето

Вежби да се зголеми довербата

**Ментори:**

- Треба да се опфатат вештини за консултирање (2)
- Има потреба од курс за нови ментори
- Работа во поголеми групи
- Ве молам продолжете
- Многу професионално
- Треба повеќе време за предавање на одличните материјали
- Треба да се вклучи информатика и бази на податоци
- Треба да се биде конкретен со менторите
- Им благодарам на презентерите и организаторите

Анекс 1

## Ажуриран работен план и клучни меѓници

| **Датуми 2006** | **Клучни активности** | **Резултати** |
|---|---|---|
| 26 – 31 март (7 дена) | Почетна посета | Воведен извештај<br>Работен план<br>Рамка за програмите за обука |
| 14 – 19 мај (6 дена) | Консултации со здруженијата, коморите и избраните координатори<br>Пон 15⁻состанок на работна група 1400<br>Вто 16 - претпладне, работилница, време ДСП<br>Сре 17 – информативни состаноци со сите групи на едукатори, испитувачи и ментори<br>Набљудување на испитот за лиценцирање (Лекари) | Извештај од посетата<br>Финализирани програми за обука<br>Детални материјали за обука: работни книги и презентации |
| 19 – 23 јуни (5 дена) | Циклус 1 – Обука на испитувачи, едукатори и ментори<br>Преглед на обуката и финализирање на вториот циклус во смисла на содржина и материјали | Извештај од посетата<br>Едукаторите, испитувачите и менторите присуствуваа на првата програма за обучување<br>Ревидирани материјали за обука |
| 22 – 28 септември (7 дена) | Циклус 2 - Обука на испитувачи, едукатори и ментори<br>Набљудување на оценувањето за лиценцирање<br>Состанок со дел од едукаторите и менторите за да се оцени напредокот и потребите за развој | Извештај од посетата<br>Прва група на обучени едукатори, ментори и испитувачи |
| Декември (5 дена, 3 - 8 декември) | Набљудување на оценувањето за лиценцирање од страна на фармацевтската комора<br>Циклус 3 – Обука на втора група на испитувачи, едукатори и ментори (околу 80 – 90 учесници) | Извештај од посетата<br>Едукаторите, испитувачите и менторите присуствуваа на втората програма за обучување |
| Февруари 2007 година (5 дена, 11 – 16 февруари) | Последна посета<br>Набљудување на стоматолошкиот испит за лиценцирање (ДСП) | Конечен извештај<br>Вклучува преглед на процесот и препораки за подобрување и тековни активности |

| | |
|---|---|
| Циклус 4 - Обука на втора група на испитувачи, едукатори и ментори (околу 80 – 90 учесници) | Втора група на обучени едукатори, ментори и испитувачи |